
Информативен лифлет за грижа на уво




Нормалното уво има способности за самопрочистивање и ушната кал (церумен) е нормална и има заштитна улога. Церуменот содржи висока концентрација на мастни киселини и промената во дието може да ја намали честата потреба од испирање на увото, посебно кај лицата со висок холестерол (масти) во крвта.
Единствената причина за испирање на увото е кога слухот е намален заради запушување на ушниот канал со церумен. Редовно или рутински испирањето на увото не се препорачува.


*Кога да употребувам капки за уво?*

Капките за уво се користат како подготовка за испирање на увото или за чистење на увото.

*Кога и како да користам маслиново масло?*

Маслото ќе ја омекне ушната кал, како подготовка за испирање на увото. Користете маслиново масло како што ти препорачал Вашиот лекар. Повеќето пациенти користат 1-2 капки дневно во текот на 3-4 дена пред прегледот и испирањето на увото. Вашиот лекар може да Ви предложи користење на маслиново масло еднаш неделно како заштитна мерка.

Начин на користење:
1. Легнете на страна , со засегнатото уво горе.
2. Отворете го ушниот канал, ставете 1-2 капки на маслиново масло ( собна температура) во ушниот канал.
3. Останете да лежите во таа позиција уште 5 минути и потоа избришете се. Не ставајте памук во ушниот канал. Повторете по потреба на другото уво.




Извор: Ear Irrigation Policy Jan/2007 North Birmingham Community Health NHS Trust
www.bpcssa.hhs.uk